Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20 и 215/21), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, на седницата, одржана на 1 февруари 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ЗА РЕВИЗИЈА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2021 ГОДИНА И НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2021 ГОДИНА И РЕВИДИРАЊЕ НА КОНСОЛИДИРАНАТА ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2021 ГОДИНА И КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2021 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ-СКОПЈЕ СО АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2021 година и на Финансиските извештаи за 2021 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2021 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2021 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2021 година се избира Друштво за ревизија, процена и финансиски консалтинг „ЕЛИТ" ДООЕЛ Скопје, ул.„Македонија" бр.27-2/17 во Скопје, врз основа на спроведена постапка за набавка од мала вредност за ревидирање на Годишната сметка за 2021 година и Финансиските извештаи за 2021 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2021 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2021 година, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда за ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи, бр.05-3091/16 од 20.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.40-12972/1-21**
**1 февруари 2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Димитар Ковачевски**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ
СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО
ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE
E MENAXHIMIT
TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-3091/16
20-12-2021 20 год.-vite.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-3091/9 од 13.12.2021 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-3091/14 од 15.12.2021 г. одржана на ден 15.12.2021 год., Извештај од спроведена постапка бр.05-3091/15 од 15.12.2021 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**20917/2021** , Директорот на Друштвото донесе :

## О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи.

На основ на Записник од отворање на понуди бр. 05-3091/9 од 13.12.2021 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-3091/14 од 15.12.2021 г. одржана на ден 15.12.2021 год., Извештај од спроведена постапка бр.05-3091/15 од 15.12.2021 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3091/2 од 03.12.2021 г, со примена на постапка - Набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за **Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи** се доделува на:

**Друштво за ревизија,процена и финансиски консалтинг**
**"ЕЛИТ" ДООЕЛ,**
**ул"Македонија"бр.27-2/17 – Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4 (четири) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од денот на добивањето на одобрувањето на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2021 година и на финансиските извештаи за 2021 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2021 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2021 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје со Акционерското друштво Градски Трговски Центар Скопје за 2021 година од страна на Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на акционери на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје, да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

Ул. „Стале Попов" бр. 9, мезанин, локал 5 - Скопје
Телефон: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Rr."Stale Popov" nr. 9, kati i ndërmjetëm, lokali 5 - Shkup
Telefoni: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

-Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

-Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

Генерален директор
Sheval Ceku

**доставено до**:
Сектор за економско финансиски работи и информатика-Дирекција
Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
Архива

изготвил: Индира Дрпљанин

контролирал: Анета Тодоровска